Спец. педијатар Моника Топузовска

Орд. „Промедика медикал центар“



ПЕДИЈАТРИЈА

ЗДРАВЈЕ 24 ЧАСА

# Атописки дерматитис

**ПРАШАЊЕ: Моето петмесечно бебе околу зглобовите на преклопните делови и на градите често се нафрла. Промените се како да има егзема. Го мачкам со кантарион и со невен, но повторно се појавуваат. За што се работи?**

**ОДГОВОР:** Со оглед на тоа дека во секојдневната работа со детската популација сè почесто се среќаваме со вакви проблеми кои започнуваат уште од рана доенечка возраст, ќе се осврнам на атопискиот дерматитис (егзема) како сè почеста патологија, со што се надевам дека би помогнала на повеќе родители за полесно препознавање на симптомите на оваа болест.

Атописки дерматитис (синоними: доенечка егзема, детска егзема, невродерматитис, pruridermatitis chronica allergica) е најчесто хронично заболување на кожата кај децата кое настанува поради сложено заемно дејство на надворешни и генски фактори. Кај повеќе од 60 отсто од децата болеста почнува со егзема во периодот помеѓу вториот и шестиот месец, а кај 85 отсто се појавува до петтата година од животот. Кај една третина од пациентите болеста во блага форма може да перзистира во текот на целиот живот, но кај повеќето од децата тегобите престануваат по доенечкиот период или по завршување на пубертетот. Причините за настанување на атопискиот дерматитис не се целосно познати, но во основа се поврзуваат со задоцнетиот развој на имунолошкиот систем. Голем број од децата во семејната историја имаат некоја од атописките болести (астма, алергиски ринитис). Во основа на атопискиот дерматитис е сувата кожа, што е резултат на нарушување во метаболизмот на полинезаситена масна киселина - линоленска киселина, што доведува до нарушена кожна бариера. Тоа, од една страна, доведува до зголемена и лесна загуба на вода преку кожата поради што таа е сува, а од друга страна, доведува до лесно навлегување на бактерии и на алергени во неа и како резултат на тоа се јавува воспаление. Прв и основен симптом на атопискиот дерматитис е појава на силно и упорно чешање поради што се вели дека тоа е чешање од кое што настанува исип, а не исип што чеша. Првите промени кај доенчињата се јавуваат во вид на егзема - црвени, ситни, суви, лушпести жаришта на образите, челото, градниот кош и околу зглобовите во преклопните делови на рацете и нозете. Кај постарите деца симптомите на атопискиот дерматитис се сува и кожа што се лупи, која со текот на времето станува задебелена и испукана, по што се јавуваат и меурчиња што влажат, а се создаваат и красти. Овие промени најчесто се локализирани во подрачјето на вратот, колената и лактите. Упорното чешање ги прави децата нервозни и раздразливи, а може да доведе и до гребаници на кожата, кои потоа се влезна врата за секундарна појава на пиогени инфекции. Болеста тече во епизоди на егзацербација и ремисија. Дијагнозата се поставува според типична анамнеза, која упатува на атопија, постоење чешање и карактеристичната морфологија и дистрибуција на кожните промени.

Клиничката слика е најчесто доволна за поставување на дијагнозата. Кожните алерготестови се прават доколку детето има умерени до тешки промени на кожата, кои зафаќаат голема површина или доколку детето истовремено има и респираторни или гастроинтестинални симптоми. Овие тестови ги вклучуваат инхалаторните алергени и алергените од храна.

Слично како и кај болните од алергиски ринитис и астма, и кај децата со хронична егзема има покачени концентрации на вкупниот IgE во серумот, но за разлика од првите две атописки болести што ги зафаќаат слузниците, кај атопискиот дерматитис најчесто не е можно да се докаже недвосмиислената врска помеѓу одреден специфичен, нутритивен, инхалациски или константен алерген и појавата на болеста. Затоа ни улогата на реактивните IgE-антитела кај деца со оваа болест не е јасна. Третманот на атопискиот дерматитис подразбира комплексен

Приод, што вклучува избегнување на сите иританси, физички и хемиски дразби, како што се: влага, сув и топол воздух, прашина, алкални сапуни, детергенти, омекнувачи за алишта, груби синтетички материјали, животински влакна, храна (јајца, кравјо млеко, риба, кикиритки, агруми - цитрусни овошја, пченица...)

Во локалното лекување во зависност од моменталната фаза на болеста треба да се применуваат специјални масни купки за капење и хидратантни кремови за навлажнување и лубрикација на кожата затоа што основна терапија на ова заболување е правилна нега и хигиена на нежната бебешка кожа. Кај дел од децата со потежок облик на болеста неопходно е да се применат и кортикостероидни кремови кои би го спречиле понатамошното влошување на симптомите, како и антихистаминици заради ублажување на симптомите на чешањето. Кај голем дел од децата корисно е промена на климата - престој на море, со што се постигнува добра, но само привремена ремисија на болеста. Прогнозата на атопискиот дерматитис е добра, со оглед на тоа што кај поголем број од децата симптомите престануваат по доенечкиот период или по завршувањето на пубертетот. Сепак, атопискиот дерматитис е болест на модерното време и е во постојан пораст, посебно во урбаните и развиени средини.